# Епиграфски споменици од Република Македонија датирани според македонската провинциска ера [1]

Славица Бабамова
Археолошки музеј, Скопје
slavicabj@yahoo.com

*Клучни зборови: грчки јазик, грчки натписи, броење на времето, македонска провинциска ера, акциска ера*

Откако Римјаните ја освоиле Македонија во 167 г. п.н.е., а во 148 г. ја претвориле во римска провинција, Македонците останале без својот дотогашен начин на броење и бележење на годините (според своите кралеви) и воспоставиле нова ера, која во науката се нарекува македонска провинциска ера. И покрај ваквиот термин, посоодветно е ерата да се именува само како македонска, бидејќи нејзиното воведување не е резултат на обележувањето на почетокот на нивниот живот во Римската Империја, туку едноставен и практичен чин, кој го прифатиле граѓаните кои живееле во областите населени со Македонци, а не и оние (Тракијците и Илирите), кои во тоа време влегле во рамките на провинцијата.

Проучувањата покажуваат дека употребата на македонската ера на територијата на Р. Македонија е многу доследно спроведувана, наспроти останатите македонски области, каде е во употреба и акциската ера, која задолжително ја носи придавката σεβαστόν. Според тоа, податоците од 82 датирани натписи даваат можност да се воспостават критериуми за датирање на поголемиот дел од останатиот епиграфски материјал, а посредно и на камената пластика, пред сè бидејќи се создава можност за согледување на уметничките и содржинските особености на натписите на помали територии. Во тие рамки влегуваат просопографските податоци, движењето на единиците на римската војска, каменорезбарите и нивните работилници, изгледот на буквите и начинот на нивната изведба, промените во ономастичката формула и во фонетиката на имињата, како и во присуството на култовите на божествата кај домашното население.

## Белешка:

[1] *Епиграфски споменици од Република Македонија датирани според македонската провинциска ера*, магистерски труд, Институт за национална историја, Скопје, 2005.